# Право на култура



Роберт Алаѓозовски

Без разлика што културата е област во која постои најголема концентрација на интелектуален потенцијал, и во неа царува истата ситуација како и во другите сфери на општеството во овие десет години: летаргија, недоизграденост, недефинираност, некоординираност, спорост. Законот за култура е донесен, но за цели две години е пробиен законскиот рок за изготвување на Националната програма. Таа е сега во владина процедура по низа забелешки од јавноста на предлог-текстот објавен летово. И покрај сите несовршености, неиспеглани ни со бројните домашни и странски експертизи, преовладува мислењето дека Законот сега треба да почне да се применува, за да заживее. А тоа е веќе првиот лош круцијален момент во нашата држава-законите и кога ги има и кога ги нема не се применуваат и не се почитуваат. Рековме, се доцни со Националната програма, комисиите по дејности ја одолговлекуваат својата работа, многу институции на културата, особено домовите, функционираат со в.д. директори назначени од министерот, што е противзаконски, Советот за култура никако да профункционира, Советите по одделните дејности не се ни конституирани. Со тоа уште повеќе се засилува, и онака законски лошо проектираната, апсолутистичка власт на министерот. И Законот за култура и Националната програма своето функционирање го базираат на низа олеснувања во даночната и царинската политика, во посебните прописи од областа на работните односи (членот 2 од Законот) како и обезбедувањето финансиски извори од игрите на среќа и градежно-инвестиционите зафати. Но такви закони, подзаконски акти и прописи сè уште не се донесени, а кога ќе се донесат не се знае. А без нив не може да профункционира стратешката определба на културната политика за поттикнување на приватната иницијатива во културата. Не може да профункционира ни заложбата за одговорен систем на децентрализација без соодветни измени во (она чудовиште од) Закон за локална самоуправа. Без тие измени не може да се оствари т.н. локален интерес во културата, а институциите на кои со националната програма им се подготвува префрлување во рамките на локалната самоуправа со право се загрижени и со право приговараат за нивната судбина затоа што со таа некоординираност меѓу законите може уште повеќе да се осакати нивната активност и докрај да се разруши и онака кревкото нецентрално културно живеење. Ако досега за обична тоалетна хартија молеа пари од Министерството сега нема да имаат ни толку зашто ќе нема на кого да се обратат, општинските каси се и онака празни (видовме што им се случи на изборите околу финансирањето).

Од друга страна концептот на културата и со Законот и со предлог-Националната програма се сфаќа во склад со либерално-хуманистичкиот принцип на поединецот, а акцентот на културната политика е ставен на творештвото и финансирањето проекти (во членот 63 од Законот се спомнуваат главно разните облици на творештво и проекти, а техничко-инвестиционото одржување е дури на последното место, додека преструктуирањето на буџетот за култура се прави во полза на програмските активности). Граѓанскиот концепт е сосема во ред но тој во практиката веднаш се руши, соочувајќи се со, од Уставот генерираната, метастаза на колективистички идентитети. Поддршката на Законот за влада етничките партии на Албанците ја условија со формирање цело подминистерство за култура на „националностите“. И го добија на хартија. А како ќе заживее тоа со вака нагласениот либерално-граѓански концепт во културата и на што тоа ќе личи, Господ знае. Се разбира дека некаков баланс меѓу индивидуалните и групните идентитети во културата мора да има, но ова решение е палијативно и надвор од законската рамка. Инсистирањето врз творештвото, финансирањето одделни уметнички проекти ја става државната културна политика во ситуација повеќе да се занимава со целите отколку со средствата за културна продукција и дисеминација. А во светот практика е наместо грантови за уметниците и институциите да се даваат олеснувања со простор, опрема, материјали, логистика. Односно, да се послужам со еден пример од теоријата, наместо да се создаде „јавна библиотека“ во која сите ќе го користат книжниот фонд се создава ситуација во која малкумина добиваат средства за да создадат свои мали, привани и ограничени фондови.

Ограничувајќи се на творештвото, државната културна политика проектирана со предлог-Националната програма е тесно ограничена во својата сфера и изолирана од можната поширока социјална интеракција. Во неа нема насоки за култура на живеењето, за обновување на културниот живот во соседството, образованието, професионалните сфери, казнено-поправните и слични установи, со што би се намалиле негативните трендови на акултурација на населението, кичот и криминалитетот.

Правото на култура е едно од универзалните човекови права, загарантирано и со повелбата на ОН и со членовите 3 и 4 од нашиот Закон за култура. Државата има обврска да го овозможи тоа базично човеково право. Но како што сега стојат работите ништо чудно на некој луциден адвокат да му текне како олеснителна околност за својот штитеник да се повика на неможноста да биде поинаков поради немањето поинакви културни обрасци на живеење, затоа што државата во нивната средина не обезбедила ништо друго освен турбо фолк, американски акциони филмови, шпански тв серии и заморни и долги тв дневници.